Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 08-797/94
21-10-2021 год.
Скопје

# ИНТЕРЕН ОГЛАС ЗА ДЕМОНСТРАТОР ВО УЧЕБНАТА 2021/2022

Врз основа на член 110 и 163 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" бр. 82/2018) и член 53 од Правилникот за посебните услови и постапка за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори (Универзитетски гласник бр.411/2018 година), како и врз основа на Одлуката за утврдување на потреба од демонстратор во учебната 2020/2021 и формирање комисија за избор донесени на XLIV и I редовна седница на Наставно-научниот совет одржана на 2.7.2021 г., односно 7.9.2021 година, Деканот на Филозофски факултет во Скопје реобјавува:

## ИНТЕРЕН ОГЛАС
## за демонстратори во учебната 2021/2022 на Филозофскиот факултет во Скопје

1. Филозофскиот факултет во Скопје реобјавува интерен оглас за ангажирање на демонстратори во учебната 2021/2022 и тоа:

| | | |
|---|---|---|
| **Институт за безбедност одбрана и мир** | - **Стратегија на национална безбедност и одбрана** (код: БОМ4043/18, задолжителен предмет, фонд на часови 3+2) и **Управување и лидерство** (код:Б706И/18, изборен предмет, фонд на часови 3+1 и О8013/18 задолжителен предмет, фонд на часови 4+2), (реализатор проф.д-р Зоран Нацев) | 1 демонстратор |

2. Демонстраторот потребно е да ги исполнува следните **услови:**

- **Демонстратор може да биде лице кое е студент на втор или трет циклус на студии.**
- **За демонстратор може да биде избран студент кој студиите од првиот циклус (додипломските студии) ги завршил со просечна оцена од најмалку 8,00 (осум).**

3. Кандидатите ги приложуваат следните **документи** за докажување на исполнувањето на условите:

1) **Пријава во која задолжително наведуваат лични податоци и податоци за контакт, како и за која студиска програма и предмети се пријавуваат од овој оглас**
2) **Потврда од Студентски прашања дека е дека е студент на втор или трет циклус на студии**
3) **Копија од Уверение за завршени прв циклус студии (додипломски студии)**

Со поднесување на пријавата кандидатите под материјална и кривична одговорност гарантираат дека податоците во пријавата се точни, а доставените докази верни на оригиналот.

4. Рокот за поднесување на пријавата заедно со доказите трае 5 (пет) дена од денот на објавување на web-страната и огласната табла на Филозофскиот факултет во Скопје, односно **до 26.10.2021 година.**

5. Заинтересираните кандидати поднесуваат пријава и докази за податоците содржани во пријавата **преку Архивата на Филозофскиот факултет во Скопје** во предвидениот рок за пријавување во работните денови до 15:00 часот.

6. Демонстратор се избира за период од една учебна година, со право да биде реизбран уште два пати на Филозофскиот факултет - Скопје.

7. Демонстраторите учествуваат во наставно-образовниот процес во обем и на начин определен со студиската програма.
Демонстраторите учествуваат во наставно-образовниот процес во обем и на начин определени со распоредот на работни задачи за тековната учебна година, односно семестар.

**Напомена**: Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата или се утврди дека внел лажни податоци, ќе биде дисквалификуван од натамошна постапка по овој оглас.

ДЕКАН
на Филозофски факултет во Скопје

проф. д-р Ратко Дуев